**ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје**
**МАЈКА ТЕРЕЗА 17,1000 SKOPJE**
**Тел. + 389(0)2 3111 749 Факс + 389(0)2 3111 749**
**e-mail: UKHematologija@t.mk**

Воведена нова Е – хематолошка амбуланта за пациентите кај кои има сомнение за хематолошко заболување, малигно или бенигно, примарно или секундарно, со цел да се поедностави комуникацијата помеѓу матичните лекари и хематолозите од Универзитетска клиника за хематологија Скопје

Е –амбуланта по хематологија е всушност телефонска и интернет консултација во Мој Термин со матични лекари и специјалисти од секундарно здравство и ќе функционира секој работен ден од понеделник до петок од 09:00 до 13:30 часот со закажани термини на 15 минути.

Постапката за закажување на слободен термин за е-амбуланта е на ист принцип како и закажување на регуларната „физичка“ амбуланта.

Матичниот лекар треба да ја разгледа целата медицинска документација на пациентот, да се прегледаат најновите резултатите од испитувањата (на пример: комплетна крвна слика) и да се формулира конкретно прашање за консултација кое ќе се наведе во упатот.

Консултацијата може да биде поврзана со дијагностика на пациентот, па хематологот да даде соодветна насока или пак консултација за редовна контрола на пациентот која во тој момент не бара физичко присуство и преглед на самиот пациент.

Во упатот матичниот доктор треба да го наведе својот телефон на кој ќе може да биде повикан од страна на клиниката.

Хематологот од клиниката на закажаниот термин телефонски го бара матичниот лекар според наведените информации во упатот.

Хематологот задолжително внесува извештај во кој ќе наведе предлог за дополнителни иследувања, терапија и препорака или ќе назначи потреба од консултација на пациент со негово физичко присуство на клиниката.

Оваа Интернет амбуланта е можност за матичните лекари да испраќаат резултати или прашања околу наведените заболувања, а притоа пациентот нема непотребни трошоци за патување и чекање. Поради состојбата со коронавирусот, суспектните пациенти нема да имаат контакти со други лица.

Со оваа Е- амбланта на здравствените работници од примарното и секундарно здравство ќе им овозможиме современи методи за специјалистичка консултација. Тоа ќе овозможи побрза дијагностика, а воедно ќе се надмине и стравот на

пациентите од одење на рутински прегледи во терцијалното здравство во време на пандемија со коронавирус.

**Напомена: Ве молиме термините за е-амбуланта да не ги користите за испраќање на пациенти со физичко присуство со упат за преглед во амбулантите на Универзитетска клиника за хематологија Скопје.**